РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë, Minerave dhe Burimeve Minerale

Бр.Nr 14-588/3
02.10 2024 год.viti
Скопје-Shkup

МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

ВО ПОЛЕТО НА ГАСНИОТ СЕКТОР

ПОМЕЃУ

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

И

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА РУДАРСТВО И ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија и Министерството за рударство и енергетика на Република Србија (во понатамошниот текстословувани како: „Страни"),

Имајќи го во предвид постигнатото ниво на политички односи и разбирање помеѓу Република Србија и Република Северна Македонија,

Земајќи ја во предвид значајната улога на рударството и енергетиката во економскиот развој на Република Северна Македонија и Република Србија,

Имајќи во предвид дека подобрувањето на соработката меѓу Страните во областа на рударството и енергетиката ќе даде нов поттик за натамошно унапредување на пријателските и економските односи меѓу двете земји,

Со цел рационално користење на природните ресурси и енергетскиот потенцијал на двете земји, како и ефективен одговор на предизвиците од енергетската транзиција, енергетската криза и подобрувањето на енергетската сигурност на Страните,

Потврдувајќи ја политичката намера на двете влади за учество во иницијативата Отворен Балкан и спроведување на обврските од Зелената агенда за Западен Балкан,

Проценка на потенцијалот за развој на билатералната соработка во гасниот сектор преку која гасификацијата ќе биде промовирана и дополнителни количества на гас ќе бидат доставени од Северна Македонија до Србија и пошироко до другите земји во Западен Балкан и ЕУ,

Имајќи ја предвид листата на проекти со што се воспостави ПЕЦИ гасен интерконектор помеѓу Северна Македонија и Србија,

Имајќи го предвид Главниот план за енергетски мрежи на Јадранско-јонскиот регион и означување на гасната интерконекција Северна Македонија - Србија за Водечки проект за енергетски мрежи во рамки на ЕУСАИР ТСГ2,

Ценејќи ја соработката во областа на енергетскиот и гасниот сектор, особено во областа на стратешкото партнерство меѓу двете земји да се обезбеди сигурност во снабдувањето за регионот на Југоисточна Европа и ЕУ по пат на имплементација на проектите од Јужниот гасен коридор на ЕУ и Трансбалканскиот гасен прстен со што

ќе се подобри сигурноста на снабдувањето со гас во регионот на Југоисточна Европа и ЕУ преку диверзификација на рутите и изворите за снабдување со гас,

Страните се договорија за следново:

## Член 1

Во согласност со сопствената државна енергетска политика двете страни се согласуваат да вложат дополнителни напори за развој на билатерално стратешко партнерство во гасниот сектор со усвојување на следниве специфични мерки:

1. Да соработуваат за испитување на можноста за развој на нова директна врска меѓу двата системи за гас на Република Северна Македонија и Република Србија.

2. Во насока на постигнување на целта на овој меморандум, Заедничка работна група за гас(ЗРГГ) ќе се воспостави помеѓу страните. ЗРГГ ќе се состои од експерти на високо ниво од страна на соодветните министерства, српскиот и македонскиот оператор на гасниот преносен систем и ако е потребно од други државни компании за гас. Во рамките на постојната техничка подршка „WBIF" (WB25-MKD-ENE-01) ќе се изработи Физибилити студија и Студија за оценка на влијание на проектот врз животната и социјалната средина за новата гасна интерконкеција помеѓу Србија и Северна Македонија кои ЗРГГ ќе ги презентира пред соодветните министерства, во рок од 9 (девет) месеци откако овој Меморандум ќе стапи во сила.

3. Физибилити студијата, Проектниот концепт и Студијата за оценка на влијание на проектот врз животната и социјалната средина првично ќе ги анализира и процени техничките, економските, финансиските, еколошките, сигурносните и пазарните аспекти на потенцијално новиот интерконектор помеѓу инфраструктурата за пренос на гас на Северна Македонија и Србија. Врз основа на резултатите од техничките и пазарни истражување и земајќи ја во предвид постојната инфраструктура за пренос на гас кај двете страни, Страните ќе ги анализираат и ќе превземат соодветни одлуки за реализација на проектот и координирање на понатамошни дејствија.

4. По донесувањето на одлуката од страна на Страните за превземање на понатамошни чекори и активности, Заедничката работна група ќе ја продолжи својата работа во постигнување на поставените цели, надзорниот пристап до соодветната документација и ќе го задржи координирањето и следењето на спроведувањето на билатералната соработка во гасниот сектор.

## Член 2

Овој Меморандум за разбирање ќе стапи во сила на денот кога ќе биде потпишан од двете страни и ќе биде валиден за период од една календарска година.

## Член 3

Меморандумот може да се дополни и / или да се измени во секое време, со писмен договор помеѓу Страните во организација со соодветни дополнителни договори / протоколи кои се составен дел на овој Меморандум. Договорните измени стапуваат на сила во согласност со одредбата од членот 2 на овој Меморандум.

Член 4

Страните можат да го раскинат овој Меморандум со претходно писмено известување за негово раскинување во рок од 30 (триесет) дена.

Член 5

Страните ќе се обидат во духот на добра волја да ги разрешуваат сите меѓусебни спорови, кои се резултат на овој Меморандум и кои произлегуваат од овој Меморандум во текот на преговорите. Разликите кои произлегуваат во однос на толкувањето, ефектот или извршувањето на овој Меморандум за разбирање, ќе се решаваат со консултации помеѓу страните.

Член 6

Овој Меморандум за разбирање нема правно обврзувачки ефект за инволвираните Страни. Ниту една одредба од овој Меморандум нема да се протолкува и имплементира како создавање на законски права или обврски за државите на инволвираните Страни.

Овој Меморандум е потпишан во .............. ..на ............ 2024 година, во два оригинални примероци, секој на македонски, српски и англиски јазик при што сите текстови се подеднакво веродостојни.

Сања Божиновска

Министер за енергетика, рударство и минерални суровини

Стефан Србљановиќ

Државен секретар во Министерство за рударство и енергетика